ЗАПИСНИК

од 53-та седница на Советот на Општина Новаци одржана на ден 19.09.2024 г.
со почеток во 12:00 часот во просториите на општинската зграда во с. Новаци.

На седницата, од вкупно 9 (девет) советници, беа присутни сите членови на Советот на Општина Новаци: Славица Најдовска Стојковска - претседател, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Сузана Јовановска, Љупчо Петровски, Иванчо Котевски, Горан Велјановски, Александар Канзуровски и Наумче Смилевски.

На седницата беа присурни гости: Благојче Николовски - ВД Директор на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци, Марина Кузмановска - директор на ЈОУДГ „Бамби“ Новаци, Николче Божиновски – претседател на КУД „Новаци“.

На седницата беа присутни: Градоначалникот Стевановски, Анета Киселоска - раководител Николина Лозановска – советник и Ирена Поповска Талевска- советник.

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записник од 52-та седница на Совет на Општина Новаци;
2. Разгледување и донесување на Годишен план за вработување за 2025 год. на Општина Новаци;
3. Разгледување на барање од ЈПКД „Комунална Хигиена“- Новаци за финансиска помош поради непредвидени трошоци во 2024 год.;
4. Разгледување и усвојување на Годишен план за вработување за 2025 год. на ЈОУДГ „Бамби“ Новаци;
5. Разгледување и усвојување на Годишен извештај за работа на ЈОУДГ „Бамби“ Новаци за 2023/2024 год.;
6. Разгледување и усвојување на Годишена програма за работа на ЈОУДГ „Бамби“ Новаци за 2024/2025 год.;
7. Разгледување на Одлука за добивање на Согласност за работа на воспитните групи со поголем односно помал број на деца во ЈОУДГ „Бамби“ Новаци;
8. Разгледување на Одлука за утвдрување на почетокот и завршетокот на работното време во ЈОУДГ „Бамби“ Новаци;
9. Разгледување на Барање од МЗ Грумази за изградба на 4-ри поилки за напојување на стоката;
10. Разгледување на Барање за финансиски средства од КУД „Новаци“ Новаци;
11. Советнички прашања.

Дополнување: Барања за финансиска помош од физички лица по предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош.

1. Разгледување на Барање за доделување на еднократна парична помош на Соња Јовановска од с. Новаци, за нејзиниот син Славче, како лице со посебни потреби.
2. Разгледување на Барање за доделување на еднократна парична помош на Славица Стефановска од с. Рибарци, лице со здравствени проблеми.
3. Разгледување на Барање за доделување на еднократна парична помош на Владо Бошевски од с. Далбеговци, домаќинство во социјален ризик.

Пред да се разгледа Дневниот ред на 53-та седница на Советот на Општина Новаци, Претседателката Најдовска Стојковска, предложи Дневниот ред да се измени и дополни со 1 (една) дополнителна точка, која поради својата итност, неодложно треба да се разгледа на оваа седница:

1. Разгледување и донесување на Измена и дополнување на Годишен план за вработување за 2024 год. на Општина Новаци.

Советниците го разгледаа Дневниот ред, така што со **9 гласа за** го прифатија Дневниот ред на 53-та седница на Советот на Општина Новаци, кој со измената и дополнувањата е составен од 15 (петнаесет) точки, со тоа што точката бр. 11 - Советнички прашања, преминува во точка бр. 15.

1 точка Разгледување и усвојување на Записникот од 52-та седница на Совет на Општина Новаци

По разгледувањето, Записникот од 52-та Седница беше ставен на гласање и усвоен со **9 гласа за**.

2 точка Разгледување и донесување на Годишен план за вработување за 2025 год. на Општина Новаци

По однос на втората точка, збор зеде Ирена Поповска Талевска- советник за човечки ресурси, која пред советниците детално го објасни Годишниот план за вработување за 2025 год. во кој се планирани: 4 нови вработувања, 2 пензионирања и 1 унапредување. При тоа нагласи дека станува збор за планирања кои во зависност од можностите на општината можат да се реализираат делумно или целосно или воопшто да не се реализираат.

По дискусијата, Советот на Општина Новаци гласаше, така што со **9 гласа за** донесе Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување на Општина Новаци за 2025 година.

3 точка Разгледување на Барање од ЈПКД „Комунална Хигиена“- Новаци за финансиска помош поради непредвидени трошоци во 2024 год.

Пред Советот на Општина Новаци, зеде збор Благојче Николовски - ВД Директор на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци кој ја образложи потребата од субвенционирање на претпријатието поради непредвидени финансиски загуби во неколку судски спорови и отплата на заостанатите долгови за гориво и електрична енергија. По неговото излагање, советниците започнаа дискусија која резултираше со заеднички став дека постаката за субвенционирање е сложена, при што е потребно ЈПКД „Комунална Хигиена“- Новаци да изготви Програма за субвенционирање на претпријатието, по што следи пренамена на средства од буџетот на Општина Новаци, донесување на одлука за субвенционирање од страна на Советот на Општина Новаци итн.

4 точка Разгледување и усвојување на Годишен план за вработување за 2025 год. на ЈОУДГ „Бамби“ Новаци

Марина Кузмановска - директор на ЈОУДГ „Бамби“ Новаци пред Советот даде објаснување за Годишниот план за вработување за 2025 год., според кој има планирано само едно вработување – самостоен референт администратор кој е неопходен за успешно работење на детската градинка.

По кратката дискусија, советниците со **9 гласа за** донесоа Одлука за давање на Согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУДГ „Бамби“ Новаци за 2025 год.

5 точка Разгледување и усвојување на Годишен извештај за работа на ЈОУДГ „Бамби“ Новаци за 2023/2024 год

И по однос на оваа точка Марина Кузмановска им го презентираше Годишен извештај за работа на градинката за 2023/24 год., во кој програмските задачи беа усогласени со потребите на предучилишното воспитание, воспитно - образовното дејствување , психофизичкиот развој на децата и нивните индивидуални можности како и потребите на нивните семејства.

Советниците по кратката дискусија гласаа, така што со **9 гласа за** донесоа Одлука за усвојување на Годишен Извештај за работа на ЈОУДГ ,,Бамби“ Општина Новаци за 2023/2024 година.

6 точка Разгледување и усвојување на Годишена програма за работа на ЈОУДГ „Бамби“ Новаци за 2024/2025 год

И по однос на оваа точка Директорката на ЈОУДГ ,,Бамби“, пред советниците детално ја презентираше Годишната програма во која се опишани очекувањата, како и начините на реализација и пристапите кои ќе бидат користени за да се обезбеди квалитетно образование и воспитание на децата од предшколска воздраст.

Советот на Општина Новаци ја разгледа Годишната програма и со **9 гласа за** донесе Одлука за за усвојување на Годишна програма за работа на ЈОУДГ „Бамби“ Новаци за 2024/2025 година.

7 точка Разгледување на Одлука за добивање на Согласност за работа на воспитните групи со поголем односно помал број на деца во ЈОУДГ „Бамби“ Новаци

И по оваа точка Директорката на ЈОУДГ „Бамби “Новаци, Марина Кузмановска образложи дека според член 64 став 5 и член 116 од Законот на заштита на децата, основачот т. е Општина Новаци треба да даде согласност за број на деца т.е од 23 до 25 деца во две хетерогени воспитни групи.

Советот го разгледа Барањето и по дискусијата со **9 гласа за** донесе Одлука за давање согласност за работа на воспитните групи со поголем број на деца односно со помал број на деца во ЈОУДГ „БАМБИ“ Општина Новаци за 2024/2025 год.

8 точка Разгледување на Одлука за утвдрување на почетокот и завршетокот на работното време во ЈОУДГ „Бамби“ Новаци

По однос и на оваа точка Марина Кузмановска зеде збор, а се однесува за работното време на детската градинка ЈОУДГ „Бамби“ и тоа од 06.30 до 16.00 часот, за кое според член 67 став 6 од Законот за заштита на децата треба да даде согласност основачот т.е Општина Новаци.

Советот **едногласно** донесе: Одлука за давање согласност за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време во ЈОУДГ „ БАМБИ“ Новаци за 2024/2025 година.

9 точка Разгледување на Барање од МЗ Грумази за изградба на 4-ри поилки за напојување на стоката;

Советниците добија информација дека како резултат на последните пожари во атарот на село Грумази беше изгорен голем дел од теренот за испаша на стоката, со што драстично се отежна напојувањето на стоката. Ова е причината поради која МЗ од ова село достави Барање до Советот за изградба на 4-ри поилки .

Советниците го разгледаа Барањето, така што со **9 гласа за** донесоа Одлука за одобрување набавка на градежен материјал за Месна заедница на с. Грумази.

10 точка Разгледување на Барање за финансиски средства од КУД „Новаци“ Новаци

Николче Божиновски ,претседател на КУД „Новаци“ ја образложи моменталната финансиската состојба на друштвото, при што нагласи дека се работи за финансиски долг од 100.000,00 денари како заостанат долг од минатата година по однос на неплатен превоз и додаде дека во текот на 2024 год., Општина Новаци до овој момент финансиски не го подржало друштвото со што уште повеќе се отежнува финансиската состојба на друштвото.Тој исто така образложи кои активности ги реализирале минатата година (3 гостувања во странство и 17 настапи во државата) и кои активности ги планираат да ги реализираат до крајот на 2024 година. По неговото излагање, советниците развија дискусија во која ги изложија нивните забелешки за работењето на КУД

„Новаци“. По дискусијата Советот на Општина Новаци гласаше така што со 8 гласа за и 1 глас воздржан донесе Одлука за здоделување на финансиски средства на КУД „Новаци“ Новаци во висина од 350.000,00 денари.

11 точка Разгледување и донесување на измена и дополнување на Годишен план за вработување за 2024 год. на Општина Новаци

Ирена Поповска Талевска им објасни на советниците дека со измената на Систематизацијата на работни места која се направи во 2024год. беше потребна и соодветна измена и дополнување и во Годишниот план за вработување за 2024год. о тоа што се планира едно ново вработување – соработник за прием и обработка на барања од областа на урбанизмот и комуналните работи и се реализира едно пензионирање.

Советниците го разгледаа Годишниот план и по дискусијата со **9 гласа за** донесоа Одлука за давање на согласност за измена и дополнување на Годишен план за вработување на Општина Новаци, за 2024 година.

По предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош на физички лица Советот ги разгледаа следните точки**:**

12 точка Разгледување на Барање за доделување на еднократна парична помош на Соња Јовановска од с. Новаци, за нејзиниот син Славче, како лице со посебни потреби.

Советниците го разгледаа Барањето од лицето Соња Јовановска од с. Новаци, мајка на Славче, лице со посебни потреби така што со **9 гласа за** донесоа Одлука за доделување на еднократна парична помош на Соња Јовановска од с. Новаци во висина од 20.000 ден.

13 точка Разгледување на Барање за доделување на еднократна парична помош на Славица Стефановска од с. Рибарци, лице со здравствени проблеми.

Советниците го разгледаа Барањето од Славица Стефановска од с. Рибарци, која има сериозни и животнозагрозувачки здравствени проблеми, така што со **9 гласа за** донесоа Одлука за доделување на еднократна парична помош на Славица Стефановска од с. Рибарци во висина од 20.000 ден.

14 точка Разгледување на Барање за доделување на еднократна парична помош на Владо Бошевски од с. Далбеговци, домаќинство во социјален ризик.

Советниците го разгледаа Барањето од Владо Бошевски од с. Далбеговци, кој живее сам, невработен и прима на минимална социјална парична помош, така што со **9 гласа за** донесоа Одлука за доделување на еднократна парична помош на Владо Бошевски од с. Далбеговци во висина од 20.000 ден.

15 точка Советнички прашања.

Советот на Општина Новаци, немаше дополнителни советнички прашања со што 53-та седница на Советот на Општина Новаци заврши со работа.

Записничар: Н. Лозановска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска